GS1 e-ИНФО

Бр.11 - март 2014

# Почитувани читатели на е-ИНФО на GS1 Македонија

Моите пораки и желби испратени на почетокот на новата година, да 2014 на сите нас биде исполнета со нови знаења, искуства, енергија и успешни резултати, сега на почетокот на пролетта сакаме да ги споделиме со вас нашите постигнувања.

Сите активности што GS1Македонија ги презема, инспирирани се со вашите потреби и барања, а со цел да ви овозможиме подобро и поквалитетно работење со примена на GS1 системот на стандарди.

Сите наши сознанија стекнати преку сопствена едукација и инвестирање во знаење, ние ви ги пренесуваме преку нашите написи, ги објавуваме на нашиот веб сајт, а во директни средби или поголеми едукативни настани или интерактивни работилници сме во постојан контакт со вас.

Во овој број ќе ве информираме за некои позначајни случувања од тековното работење на GS1Македонија.

Со гордост би ги издвојила меѓународното признание добиено од највисокото раководство на централата во Брисел (GS1 Global Office) за успешниот проект за воведување на GS1 DataBar во Македонија и за сите учесници во него, како и за освоеното трето место во меѓународна конкуренција од 110 држави за постигнати резултати во промоцијата на 40-та годишнина на Глобалната организација.

На национален план голем успех постигнат е што регулаторните тела од областа на здравството ги препознаа глобалните GS1 стандарди како иднина во баркодирањето и би ја потенцирала нивната поддршка на неодамна одржаниот прв семинар во нашата Република за GS1 DataMatrix-от како бар код на иднината.

Доколку сакате да објавиме напис и за вашите постигнати резултати и успеси на вашата фирма, слободно доставете ни ги текстовите со ваше лого и слики.



Слаѓана Милутиновиќ,
извршен директор

# „GS1 DataMatrix- иднина на баркодирањето во Здравството“

На 21 март 2014 GS1 Македонија одржа семинар на тема: „GS1 DataMatrix- иднина на баркодирањето во Здравството“, прв семинар во Република Македонија на кој беа презентирани теоретски и практични примери на успешна примена на GS1 DataMatrix-ot, како бар код на иднината во здравството.




Актуелноста на темата привлече голем број заинтересирани за новите трендови во здравствениот систем и ги исполни очекувањата и поставената цел на семинарот. За тоа зборува фактот на преку 100 еминентни учесници од сите сектори на Здравствениот систем: од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Бирото за лекови, Клиники и болници, Лекарска комора, производни фирми и дистрибутери на фармацевтски производи и медицински помагала, како и ИТ куќи кои се застапени со софтверски и хардверски решенија за имплементацијата на стандардите во Здравството.

Во поздравното обраќање до присутните г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор на GS1 Македонија изјави: „Здравствените системи низ целиот свет се соочуваат со предизвиците кои влијаат врз целокупниот дистрибутивен синџир – од производители до продавачи, дистрибутери, групи на организации и здравствени провајдери. Сите нив ги обединуваат заеднички цели: зголемување на ефикасноста во дистрибутивниот синџир, намалување на рапидно растечките трошоци, борба против фалсификати и грижа за безбедност на пациентите.

Глобализацијата е присутна во сите сфери, а здравството не е исклучок, па затоа националните и локалните решенија не се ниту доволни ниту доволно ефикасни.

GS1ситемот на стандарди нуди глобална, хармонизирана и интегрирана рамка за менаџирање на информациите во дистрибутивниот синџир и поедноставно усогласување со регулаторните барања и предизвиците на денешниов комплексен здравствен систем на



глобално ниво.

Алатката за реализација на нашите стремежи Ви ја нуди GS1 Македонија, како единствен и лиценциран претставник од GS1 Global Office за примената на Меѓународните GS1 стандарди во Република Македонија.“

Семинарот свечено го отвори М-р.фарм. Катерина Алексоска, директор на Бирото за лекови со поздравниот говор од кој ги пренесуваме поделните делови: „ Сакам да Ве поздравам од име на Министерство за здравство и Бирото за лекови и да се заблагодарам за укажаната можност да го отворам денешниот семинар во организација на GS1 Македонија, со која имаме многу плодна и ефикасна соработка во изминатите години.

Зголемувањето на свесноста на сите учесници во здравствениот сектор и фармацијата за неопходноста од имплементацијата на светските стандарди во нивното работење, е еден од клучните фактори од кои зависи успешноста на реформските зафати кои ги имплементира Министерството за здравство, во насока на стандардизација и интегриран информатички систем во здравствениот сектор во Република Македонија, поради задолжителното прилагодување кон европската и светската легислатива во овој сектор.

За потсетување, Министерството за здравство воведе национален систем за електронски евиденции во здравството, со кој се изврши унифицирање и стандардизација на начинот на комуникација меѓу надлежните институции, и сите податоци се слеваат во една централна база. Во националниот систем за електронски евиденции во здравството се интегрирани 3.600 здравствени установи во кои работат над 8.000 здравствени работници. Во него се вклучени сите учесници од примарното, секундарното и терциерното здравство, како и сите учесници во синџирот на здравствената заштита (од производители, преку веледрогерии, аптеки, болници

и тн.)

Во МојТермин е вклучено и електронско досие на секој граѓанин од Република Македонија, вклучени се сите издадени електронски упати, рецепти, болнички упати, отпусни писма, амбулантски и болнички дневници и слично. До овој момент се евидентирани 1,348,296 електронски здравствени картони, односно околу 67% од населението во Република Македонија. Исто така, во рамки на проектот на МЗ за интегрирано здравство, Бирото за лекови го надополни регистарот на лекови и медицински помагала со сите ЕАН кодови на медицинските помагала и лековите кои се регистрирани во Р.М, при што беа внесени повеќе од 240,000 ЕАН кодови на медицински производи.

Во јануари годинава беше распишан и тендер за материјално, финансиско и сметководствено работење на сите јавни здравствени установи во Република Македонија. Целта на тој систем е следливоста на финансиите на една здравствена установа да се симне на ниво на пациент, односно да се знае што се е потрошено на еден пациент, независно дали



тоа е лек, медицинско помагало или медицински потрошен материјал. За да се оствари целта на тој проект, потребно е лабелирање на сите регистрирани лекови и медицински помагала и потрошен материјал, што како процес Министерството за здравство и Бирото за лекови го започна во текот на минатата година.

Тоа е само дел од процесот кој ќе овозможи следливост на потрошувачката на лекови и медицински помагала, како и заштеди на ЈЗУ, правилно финансирање на здравствените услуги според реалната потрошувачка, олеснета следливост на фармаковигиланцата и материовигиланцата и др.

За комплетна реализација на овој од историска важност проект за електронско здравство во нашата држава ќе ни послужат и светските искуства, а особено на денешниов семинар ќе осознаеме повеќе за новата генерација на бар кодови GS1 DataMatrix (кон кој ќе треба производителите да се прилагодат во наредниот период), како и за искуствата за негова практична примена во специјалната болница Филип Втори, што ќе имаме можност да ги слушнеме на денешниот семинар.“

Во работниот дел од семинарот со свои видео презентации настапија :



- Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор на GS1 Македонија на тема „GS1 Глобални стандарди за подобрена безбедност на пациентот и зголемена ефикасност во синцирот на снабдување“
- Никола Димовски, директор на ИТ&Т секторот во Алкалоид АД, на тема: „GS1DataMatrix-запознавање, сегашност и иднина“
- Васил Карев, менаџер за деловни решенија во Логин Системи, на тема: „ Примена на GS1DataMatrix решение во здравствени организации“ (конкретно во специјалната болница Филип Втори)

Г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ преку презентацијата ги информираше присутните на сликовит начин, поткрепен со факти и податоци за бенефитите од користење на едни единствени глобални стандарди, нивната распространетост низ светот, конкретно по земји кај кои се задолжителни, а засебно и за земји во кои е задолжителен и GS1DataMatrix-от, како и за препораките на EFPIA и FDA за кодирањето со GS1DataMatrix-от на глобално ниво. Неговата широко прифатена примена, особено во здравството се должи на неговите карактеристи кои беа потенцирани во презентацијата: има мали димензии, а можност да содржи неколку стотини информации во себе искажани преку 3.116 нумерички карактери и 2.335 алфанумерички карактери; може да се отпечати директно и на најмали хируршки инструменти; единствен бар код кој има можност за корекција на грешка, т.е во случај и до 30% оштетување на отпечатениот симбол, тој сепак може да биде прочитан.

Г-дин Никола Димовски преку својата изврсно разработена презентација ги запозна присутните со техничките карактеристики на дво димензионалниот бар код (2D), со сите негови позитивни страни, ги изнесе компаративните предности во однос на еднодимензионалните бар кодови. Посебен акцент даде на бенефитите од неговата употреба во здравството, со препораки за неопходно потребните активности кои корисниците треба веднаш да ги превземат доколку сакаат да го фатат чекорот со светските трендови во однос на GS1стандардите и особено за GS1DataMatrix-от кој е задолжителен во поголемиот број земји, со цел да бидат подготвени за идните барања на своите трговски партнери.

Г-дин Васил Карев на експлицитен и многу достапен начин ги објасни софтверските решенија кои се изготвени врз основа на GS1 стандардите и кои се веќе во практична примена во болницата “Филип Втори“. Со нивното користење е обезбеден интегриран систем за болничко работење кој на болницата ги донесе следните бенефити: подобрена следливост, обезбедени 5 права на пациентите, усогласеност со здравствените стандарди за акредитација на болницата, зголемена продуктивност во работниот процес, намалување на трошоци и елиминација на грешки.

Слаѓана Милутиновиќ
Извршен директор на GS1Македонија

Членка на GS1 Македонија, компанијата „Форма“ од Куманово, официјален застапник на глобалната компанија Videojet Technologies Илиноис САД, во соработка со GS1 Македонија на 20.02.2014 година своето 15 годишно присуство на македонскиот пазар го одбележа работно со презентација на тема:

# „Иновативни технологии за индустриско маркирање и кодирање на производите, за подобра следливост во склад со GS1, ISO, HAC-CP и BRC стандардите“




Пред повеќе од педесет бренд компании од Републикава свое обраќање имаше директорот на „Форма“ Куманово г-дин Игор Цартовски, кој даде краток осврт на развојот на компанијата. Пред присутните г-дин Цартовски ги презентираше производите на Videojet наменети за маркирање и кодирање на продукти. Даден беше мал историски вовед за појавата на потребата од маркирање и кодирање, за потоа да се премине на презентација на Инкџет решенијата на Videojet. Посебно беше нагласен моделот Videojet 1710, пигментен принтер за мастило во боја со висок контраст и потенцирана можност од неговата мобилност, едноставност и големиот број на понудени интерфејси за приклучок. Сите инкџет печатачи на оваа компанија користат систем на Smart Cartridges. Беше презентирано и термал-трансфер принтање со помош




на термална глава и рибон за флексибилни пакувања, кои се доста економични и најдобро се вклопуваат во фармацевтската индустрија поради брзината и високата резолуција. Овие печатачи, печатат директно врз производот, не на етикета.

Г-ѓа Gabriela Villanyi-Kaufmann претставник на Videojet пред присутните ја претстави компанијата и зборуваше за развојните технологии во принтањето на кои работат. Таа го презентираше и Code Assurance - софтверско решение за минимизирање на грешките, зголемување на продуктивноста и редуцирање на губитоците при обележувањето на производите.

Пред присутните Г-дин Nathan Matthews од Videojet Technologies го презентираше Laser Marking – маркирањето со помош на ласерски технологии (CO2, Fiber, Nd:Yag). Оваа група на





принтери се карактеризираат со долг рок на употреба, заштедуваат пари, бидејќи не користат боја или хартија и за нивното функционирање потребно е само напојување.

Новите принтери кои се користат на производните линии за маркирање и кодирање, како и новите технологии за печатење на баркодови и на цели логистички етикети имаат важна улога при означување на производите. Добро отпечатен баркод лесно се чита на каса. Ова е една од причините што GS1 Македонија застана зад својата членка Форма од Куманово и го поддржа настанот.

Со оглед дека на настанот учествуваа македонски бренд компании, извозно ориентирани, беше одлична можност истите да се запознаат и со новата услуга верификација на баркодовите што GS1 Македонија им ја нуди на своите членки. Пред присутните самостојниот советник Билјана Рембоска подетално ја објасни верификацијата како постапка, потенцирајќи дека најголемиот бенефит од употребата на верификацијата е довербата и сигурноста што се добива дека бар кодот ги има сите задоволителни перформанси во сите стадиуми на движење на производот низ дистрибутивниот синџир. Верификуван бар код брзо се чита и со себе ја носи точната информација. Со тоа се јакнат и градат партнерските односи производител – трговец, како и трговец – краен потрошувач. Македонските компании последниве години многу вложија во нови технологии и во водување на стандарди што резултираше со зголемување на извозот. За да тој тренд се задржи, освен континуиран квалитет, потребно е и кодирањето на производот да биде правилно. Со верификацијата само ќе се добие на сигурност дека бар кодот што го носи производот ќе биде брзо и лесно отчитан низ дистрибутивниот синџир, а самата постапка на верификација како услуга може да ја спроведат во GS1 Македонија.

# Работилница: „Примена на GS1 стандарди во јавно здравство“




Во просториите на GS1 Македонија на ден 06-03-2014 се одржа работилница со тема Имплементација на GS1 стандардите на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, Универзитетска клиника за детски болести, Ултра, GS1 Македонија и Инфо код. Домаќин на средбата беше Извршниот директор на GS1 Македонија, Слаѓана Милутиновиќ, по двајца претставници од Ултра и Инфо-код, претставник од Детска клиника и вработени од GS1 Македонија кои се вклучени во овие два проекти со наведените клиники.

Работилницата беше отворена од Извршниот директор на GS1 Македонија, Слаѓана Милутиновиќ. Билјана Рембоска, советник од GS1 Македонија, одржа презентација на искуствата стекнати од проектот за воведување на GS1 стандарди во ПЗУ Филип Втори – Скопје. Објаснети беа имплементациите на: Глобалниот идентификатор за основни средства, Глобалниот локациски број, Глобалниот број на услужни дејности и Глобалниот идентификатор на вид на документи. Во текот на презентацијата по сите точки паралелно се поставуваа прашања од учесниците и се дискутираше за истите.

На оваа работилница од страна на Инфо-код беа презентирани решенија кои таа компанија ги нуди за здравствените установи, техничка опрема (печатачи и скенери на бар код симболи). Беа изработени два DataMatrix симболи, истите беа верификувани од страна на GS1 Македонија и скенирани со презентираните уреди.



Целта на работилницата е постигната, присутните се запознаа со GS1 решенијата кои се нудат во здравствениот сектор, практично се запознаа со опремата за изработка и скенирање на бар код симболите, се запознаа со најчесто користените апликациски идентификатори и структурата на бар код симболот.

# Работилница “Анализа на текот на имплементацијата на GS1 стандардите во започнатиот пилот проект во болницата Филип Втори – Скопје“



На 07.03.2014 година во просториите на специјалната болница по хируршки болести “Филип Втори” –Скопје, тимот на GS1 Македонија одржа работилница со тема “Анализа на текот на имплементацијата на GS1 стандардите во започнатиот пилот проект во болницата Филип Втори – Скопје”.

На работилницата, освен тимот на GS1 Македонија учествуваше тимот одговорен за имплементацијата на GS1 стандардите во магацинското и деловното работење на болницата, предводен од фармацевт Бојана Филипоска и претставници од софтверската куќа “Логин системи” – Скопје, одговорни за софтверското решение во “Филип Втори”.

Работилница ја отвори директорката на GS1 Македонија, г-ѓа Милутиновиќ, која истакна дека специјалната болница “Филип Втори” е вистински лидер не само во модерното здравство во Република Македонија, туку и во прифаќањето на европските и светските стандарди, меѓу кои и GS1 стандардите.

На состанокот беа презентирани извршените заеднички активности на тимот на “Филип Втори” и “Логин системи” во имплементирањето на GS1 стандардите во интегрираниот информационен систем во болницата, како и во секојдневното магацинско и деловно работење:




СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА
„ФИЛИП ВТОРИ“
www.cardiosurgery.com.mk

- извршена идентификација на постоечките материјали и нивно етикетирање со GS1 бар кодови (GS1 DataMatrix и GS1 -13)
- изработена мобилна апликација за внес на постоечките бар кодови и автоматско генерирање на GS1-13 бар кодови за лековите кои не се етикетирани по GS1 стандарди
- десктоп и мобилна апликација за печатење на новогенерираните етикетите
- мобилна апликација за прием на лековите (само по GTIN, или доколку е означен лекот со GS1-128 или GS1 DataMatrix и останатите податоци за лековите – batch/lot број, сериски број, датум на употреба, ...)
- електронска кошничка за следење на терапијата и лековите за секој пациент, со автоматско намалување на количините на материјалите по нивното аплицирање
- означување на документите по GS1 стандарди и намалување на времето и грешките при пренос на податоците преку документите
- означување на вработените со GLN бар кодови

На крајот, трите тима разменија одредени мислења и ставови и ги дефинираа идните стратегиски цели и активности за конечното финиширање на имплементацијата на GS1 стандардите во болницата “Филип Втори”.

Прославувајќи 40 години во заедничко обликување на нова иднина

# Интернационално признание на активностите на GS1Македонија на GS1 Global Forum 2014, 17-21 февруари 2014, Брисел, Белгија






Главното мото од насловот се провлекуваше низ целокупното работење на Форумот, како и во обраќањата и презентирањето на клучните иницијативи и стратегии на г-дин Miguel Lopera , GS1 President & CEO, и на г-дин Tim Smucker, GS1 Chairman of the Board & Vice-Chairman. На Форумот присуствуваа 650 учесници од целиот свет. Од Македонија претставници беа покрај Слаѓана Милутиновиќ, извршен директор и Кирил Коровешоски, стручен соработник во GS1 Македонија и Љубомир Христов, директор на Ултра и Славчо Бујароски, директор на Сигма СБ, претставници на наши членки, софтверски куќи (Solution providers).

Генерален заклучок е дека нашето учество ги исполни очекувањата и целите:



• Запознавање со улогата и значајот на Глобалната организација и со нејзините стратегии за натамошен развој;
• Запознавање со најновите иновации, иницијативи и решенија на GS1 системот на стандарди;
• Запознавање со најдобрите практики во поодделни области;
• Овозможување на директни контакти и размена на искуства со останатите учесници;
• Стекнување на нови знаења и идеи за идни активности и развој на GS1Македонија;
• Зголемување на видливоста и промоција на GS1 Македонија во светски рамки, за што се добиени конкретни признанија од GS1 Global Office.

На пленарните сесии за Стратегијата на идниот развој беа потенцирани следниве области, кои дефинитивно ќе се усвојат на Генералното Собрание 19-23 мај 2014 во Берлин :

- Развој на глобални стандарди кои се имплементираат локално;
- Јакнење на заедничкиот бренд идентитет преку униформирање за сите национални организации на новиот веб темплејт за веб сајтовите, за кој се дискутираше и на посебна работилница- Маркетинг. Конечниот предлог ќе биде усвоен на Генералното Собрание во













мај 2014 во Берлин. Целта на измените (кои тимот на GS1 Македонија ќе ги следи преку вебинари) е да се овозможи полесен пристап и зголемена видливост на веб сајтовите и со користење на мобилни уреди;

- Се воведува нов поим (KPIs), кој означува мерки кои ќе овозможат националните организации да го следат својот прогрес во однос на усвојувањето на стандардите и квалитетот на податоците во своите земји;
- Да се идентификуваат потребите на потрошувачите и технолошките потреби, врз кои ќе се развива и
- Глобалната иновативна стратегијска функција на GS1 Global Office;
- Ќе се разгледаат, ревидираат и иновираат правилата за глобалните стандарди и техничкити водичи за нивна имплементација, со цел да се избегне секоја двосмисленост и различно толкување.

Стратегиските сектори и во понатамошен развој се: Трговија (на големо и мало), Прхранбената индустрија, Здравството, Транспортот и логистиката, водени со развојот на GS1 системот ( AIDS, eCom, GDSN, EPC) . Се додава нов приоритетен сектор во развојната стратегија, а тоа е Fresh Foods, - каде што GS1 Македонија како предвесник веќе има забележителни резултати ( со проектот за GS1 DataBar).

На Регионалнот форум за Европа оддржан во рамките на Глобалниот форум, беа презентирани активности на националните организации од Европа.

Со светска препознатливост се здоби GS1 Македонија со презентацијата на успешно завршениот Пилот проектот за GS1 DataBar-от и со завземенето трето место според гласовите од сите 110 национални организации за активностите спроведени во однос на популаризацијата




на прославата на 40-та годишнина на GS1 Global Office. За тие свои активности и посветеноста кон работата, извршниот директор на GS1 Македонија, Слаѓана Милутиновиќ лично доби пофалби од раководните лица на GS1 Global Office, кои се голем подстрек за целиот тим на GS1 Македонија да продолжи со нови успеси на национално и глобално ниво.

Слаѓана Милутиновиќ
Извршен директор на GS1 Македонија



# Едукација во GS1 глобалната канцеларија во Брисел со наслов:„GS1 DataMatrix работилница за експерти“



Во организација на GS1 GO (GS1 Global Office), во Брисел на 11 и 12 Март 2014, беше организиран работилница со наслов **„GS1 DataMatrix работилница за експерти“.**

На работилницата учествуваа вкупно 11 претставници и тоа од Белгија и Луксембург, Данска, Македонија, Египет, Монголија и од Глобалната канцеларија на GS1 во Брисел. Тренер беше Ilteris Oney – проект менаџер од GO, Брисел.

Претставникот од GS1 Македонија, М-р Александар Кедијоски, со сите претставници размени контакти кои можат да се искористат за идна соработка или добивање на потребни информации од горенаведените земји за имплементација на GS1 стандардите и се стекна со дополнителни знаења кои ќе послужат за идните едукативните активности за членките на GS1 Македонија. Работилницата траеше два дена.

Прв ден (11 Март 2014) – запознавање со структурата на GS1 DataMatrix, изработка, печатење и воспоставување на верификациони сервиси за 2D симболите

Првиот ден беа обработени следните содржини:

- Вовед во бар-кодови и скенирање,
- GS1 DataMatrix структура,
- Micro scan презентација,
- Креирање и печатење на DataMatrix и дискусија на шаблон документот за верификација.

Втор ден (12 Март 2014) – споредба на GS1 DataMatrix и GS1 QR Code, решавање на

гранични оцени од верификација, примена на GS1 DataMatrix и сертификација

Вториот ден беа обработени следните содржини:

- Верификација на креираниот DataMatrix со LVS верификатор и дискусија за параметрите добиени од верификацијата,
- Споредба на GS1 DataMatrix и GS1 QR Code
- Примена на GS1 DataMatrix (Здравство, Нова генерација на PID)
- Тестирање и сертификација

**Целта на GS1 е во наредните 10 години целосно да се премине кон примена на претходно наведени бар код симболи, тоа ќе го прават преку пилот проекти, а каде што може ќе интервенираат тоа да се стави во закон.**

Тестирање и сертификација

На крајот од оваа сесија се спроведе тест и сите учесници се стекаа со „GS1 Сертификати за DataMatrix експерти“.

